# ЈАВЕН ПОВИК

За доставување понуди за набавка на материјали за работа на работните групи и менторите

За потребите на проектот:

**„Натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“**

## 1. Предмет на набавка

Здружението на средни училишта Тера Фитон Анимал распишува јавен повик за доставување на понуди од правни субјекти – компании регистрирани за трговија со канцелариски материјали, за потребите на горенаведениот проект.

Набавката опфаќа основни канцелариски материјали, неопходни за ефективно спроведување на проектните активности и административни обврски во периодот на имплементирање на проектот од 01.04.2025 до 31.10.2026 година.

## 2. Опфатени производи во набавката:

Компаниите треба да понудат цени за следните производи:

| | **Прибор и алат** | **Количина[1]** |
|---|---|---|
| 1. | Папки | 200 броја |
| 2. | Спојници | 100 броја |
| 3. | Пенкала | 100 броја |
| 4. | Тефтери | 30 броја |
| 5. | Принтање на материјали | 5.000 страни |
| 6. | Хартија А4 | 5 броја |

*Напомена:* Листата може да биде дополнета со конкретни количини прифинален договор.

[1]Во табелата е дадена максималната количина која може да се набави. Количината која ќе се набави ќе зависи од бројот на пријавени натпреварувачи на општинските и регионалните натпревари.

**3. Услови за учество:**

- Да е регистрирана правна компанија со шифра за трговија со канцелариски материјали;
- Да обезбеди понуда со вклучени единични цени со и без ДДВ;
- Да обезбеди навремена достава до локацијата на Здружението;
- Да достави минимум 1 препорака од претходен клиент (поможност од невладини/јавни институции).

**4. Начин на поднесување на понудите:**

Понудите треба да содржат:

- Финансиска понуда по наведени ставки (со и без ДДВ);
- Информации за правното лице (назив, адреса, ЕМБС, ДДВ број);
- Рок на достава и услови на плаќање;
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 6 месеци;
- Контакт податоци на понудувачот.

**5. Рок и адреса за доставување:**

Краен рок за доставување на понудите: 21.11.2025, до 16:00 часот

Понудите се доставуваат на е-пошта: aterafitonanimal@gmail.com со назнака: *„Понуда за канцелариски материјали – Натпревар за хортикултурни вештини“*

**6. Критериуми за избор:**

Понудите ќе се евалуираат според следните критериуми:

- Најниска вкупна цена (50%);
- Квалитет и разновидност на понудени производи (30%);
- Искуство и препораки (20%).

По разгледување на понудите, Здружението ќе избере една компанија која ќе биде известена по електронски пат најдоцна до 24.11.2025 година.

**7. Забелешка**:

Здружението го задржува правото да не избере понудувач доколку понудите не ги исполнуваат основните критериуми.

Свети Николе, 17.11.2025 година

Претседател на здружението

Игор Николов